Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 31 од Закон за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/11, 180/11, 171/12, 192/15,167/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21), член 93 став 2 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ“ бр. 154/23), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собраните на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20 и 172/21), Колективниот договор за вработените во Општина Богданци бр. 03-968/1 од 02.07.2021 година и Анекс на Колективниот договор за вработените во Општина Богданци бр. 03-1484/1 од 19.07.2022 година и член 98 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21) Советот на Општина Богданци на 6$^{-та}$ седница одржана на ден 26.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Богданци**
**за 2026 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Богданци за 2026 година (во натамошниот текст, Буџетот) се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од:

- Основен буџет,
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации,
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата од буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврска.

За да се преземат нови обврски, до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одредените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на општината изменување и дополнувања на буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да се врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Проширувањето/намалувањето во рамки на одобрените средства во буџетот на донации, буџетот на заеми, буџетот на дотации и/или буџет на самофинасирачки активности се врши со одлука на Советот на општината.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџет на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираните износи, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојување на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства.

Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат:

- за Градоначалникот пресметувањето на платата се врши согласно Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;
- за вработените кои имаат статус на административни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници која ја донесува Советот на општината;
- За останатите вработени по Закон за работни односи во Општинската администрација платата се пресметува по Колективен договор за вработените во Општина Богданци.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на плати и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведе на следниот начин:

- Средствата ќе се планираат на сметка-дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката-дотации на локалните јавни установи (909);
- Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите до вработените до Општината да доставaт барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за прес,метани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;
- Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да доставaт известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставува до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот, изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот на општината за раководењето и организирањето на работата на Советот надоместокот од став 1 на овој член му се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на совет се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

На членовите на Советот на општината им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и во странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 13**

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програмата Е0 – Општинска администрација расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

Висината на надоместокот за годишен одмор за вработените во општинската администрација се утврдува во износ од 40% од просечната плата во РСМ, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

Кај единките корисници на средства односно вработените во локалните јавни установи надоместот за годишен одмор ќе се исплати од расходното конто 404110 - Надомест за годишен одмор, персоналниот данок од конто 401320 – Персонален данок на доход од надоместоци секој од соодветната програма Н1 основно образование, Н2 средно образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца и К1-Библиотекарство.

Висината на надоместокот за годишен одмор за вработените во општинската администрација се утврдува согласно одредбите од Општиот колективебн договор за јавен сектор и колективните договори на ниво на гранка, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.

**Член 14**

Вработените во Општина Богданци имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Дневницата за службено патување во земјата се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување до часот на враќање со

превозното средство и тоа во висина од 4 % од просечната исплатена плата по работник во државата во претходните три месеци:
-Дневница во висина од 100% од утврдениот износ од ставот 2 на овој член, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
-дневница во висина од 50% од утврдениот износ од ставот 2 на овој член ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

За службените патувања во странство дневница се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

**Член 15**

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од правниот субјект каде се вработени односно од Програма-Градоначалник -Д0, Е0-општинска администрација односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, К1-Библиотекарство односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена.

**Член 16**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен, односно од Програма-Градоначалник -Д0, Е0- општинска администрација односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, К1-Библиотекарство односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување), му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставот 2 и 3 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетна документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта, во правниот субјект каде што е вработен, односно од Програма-Градоначалник -Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно В1 социјална заштита и заштита на деца, К1-Библиотекарство односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на

вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 17**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на општината се врши по фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 18**

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резерви од став 1 на овој член одлучува советот на општината.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користење на средствата од резервите.

**Член 19**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши на основа донесено решение од Градоначалникот и тоа:

-за 10 години-50% од основицата;

-за 20 години-100% од основицата;

-за 30 години-150% од основицата;

-за 40 години-200% од основицата.

**Член 20**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 21**

Вработување во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот дава писмено известување.

Во делот на пренесени надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од обласа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и

-вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став 3 и 4 од законот за буџетите писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да достават позитивно известување до Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

**Член 22**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 23**

Средствата утврдени во пооделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите Градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 24**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на другите органи.

**Член 25**

Буџетот на Општина Богданци се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 26**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци", а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

**Бр. 09-1921/27**
**26.12.2025 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Никола Стратров**